# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 5
21 мај 2021 година

Година LVIII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 239. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на Проектот „Изградба на дел од локален пат Штип-с.Кошево-с.Почивало“ | 436 |
| 240. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на Проектот „Изградба на дел од локален пат Штип-с.Кошево-с.Почивало“ | 436 |
| 241. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на Проектот „Изградба на локален пат до село Степанци“- Општина Штип | 437 |
| 242. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на Проектот „Изградба на локален пат до село Степанци“- Општина Штип | 438 |
| 243. | Решение за објавување на Одлука за одобрување | 439 |

| | | |
|---|---|---|
| | финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на Проектот „Изградба на локален пат село Љуботен“ (од стац.км 0+330.00 до км 0+830.00 l=500 м) | |
| 244. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализација на Проектот „Изградба на локален пат село Љуботен“ (од стац.км 0+330.00 до км 0+830.00 l=500 м) | 439 |
| 245. | Решение за објавување на Одлука за кофинасирање на проекти на граѓански организации во рамките на јавните повици организирани преку RELOAD2 проектот | 440 |
| 246. | Одлука за кофинасирање на проекти на граѓански организации во рамките на јавните повици организирани преку RELOAD2 проектот | 441 |
| 247. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2021 година | 442 |
| 248. | Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2021 година | 443 |
| 249. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2021 година | 444 |
| 250. | Програма за дополнување на програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2021 година | 444 |
| 251. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Штип за 2021 година | 446 |
| 252. | Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Штип за 2021 година | 447 |
| 253. | Решение за објавување на заклучок за одобрување на Програма за поставување на спортска сала со бруто површина до 1500 М2 на КП 4361/1 за КО Штип 3, Општина Штип | 448 |
| 254. | Заклучок за одобрување на Програма за поставување на спортска сала со бруто површина до 1500 М2 на КП 4361/1 за КО Штип 3, Општина Штип | 449 |
| 255. | Решение за објавување на Одлука за донесување на измена и дополнување на детален урбанистички план | 449 |

| | | |
|---|---|---|
| | за дел од „Автокоманда“- дел од урбан блок 28 за општина Штип | |
| 256. | Одлука за донесување на измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од „Автокоманда“- дел од урбан блок 28 за општина Штип | 450 |
| 257. | Решение за објавување на Одлука за давање под закуп недвижна ствар, деловен простор во село Љуботен Општина Штип | 451 |
| 258. | Одлука за давање под закуп недвижна ствар, деловен простор во село Љуботен Општина Штип | 451 |
| 259. | Решение за објавување на Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Штип. | 453 |
| 260. | Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Штип | 453 |
| 261. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Штип | 454 |
| 262. | Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Штип | 455 |
| 263. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година | 456 |
| 264. | Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година. | 457 |
| 265. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност за зголемување на бројот на децата во групите во ОЈУДГ „Астибо“- Штип | 458 |
| 266. | Одлука за давање согласност за зголемување на бројот на децата во групите во ОЈУДГ „Астибо“- Штип | 458 |
| 267. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен објект | 459 |
| 268. | Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен објект | 459 |
| 269. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на тениски клуб ,,Астибо” – Штип. | 460 |
| 270. | Одлука за одобрување финансиски средства на тениски клуб ,,Астибо” – Штип | 461 |
| 271. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на пинг-понгарски клуб ,,Шампион ФА 2012” – Штип | 461 |
| 272. | Одлука за одобрување финансиски средства на пинг-понгарски клуб ,,Шампион ФА 2012” – Штип | 462 |
| 273. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на боксерски клуб ,,Баргала” – Штип | 463 |

| | | |
|---|---|---|
| 274. | Одлука за одобрување финансиски средства на боксерски клуб ,,Баргала” – Штип | 463 |
| 275. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на боксерски клуб ,,Пинг – Пантер Тим” – Штип | 464 |
| 276. | Одлука за одобрување финансиски средства на боксерски клуб ,,Пинг – Пантер Тим” – Штип | 465 |

239.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА
ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ШТИП-С. КОШЕВО-С. ПОЧИВАЛО“

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Изградба на дел од локален пат Штип-с. Кошево-с. Почивало“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2745/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

240.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА
ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД ЛОКАЛЕН ПАТ ШТИП-С. КОШЕВО-С. ПОЧИВАЛО“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Изградба на дел од локален пат Штип-с. Кошево-с. Почивало“со сопствено учество во износ од 798.870,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „Изградба на дел од локален пат Штип-с. Кошево-с. Почивало“ ќе биде аплициран до Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, по распишаниот Јавен повик за прибирање на предлог проекти за 2021 година во делот - Развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Данокот на додадена вредност е обврска за плаќање на Општина Штип како подноститeл на барањето.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2745/1
19 мај 2021 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

241.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО СЕЛО СТЕПАНЦИ“- ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Изградба на локален пат до село Степанци“- Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2746/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

242.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ДО СЕЛО СТЕПАНЦИ“-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Изградба на локален пат до село Степанци“- Општина Штип со сопствено учество во износ од 5.321.260,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „Изградба на локален пат до село Степанци“- Општина Штип ќе биде аплициран до Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, по распишаниот Јавен повик за прибирање на предлог проекти за 2021 година во делот за развој на селата.

Данокот на додадена вредност е обврска за плаќање на Општина Штип како подноститeл на барањето.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2746/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

243.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СЕЛО ЉУБОТЕН“
(ОД СТАЦ.КМ 0+33.00 ДО КМ 0+830.00 I= 500 М)

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Изградба на локален пат село Љуботен“ (од стац.км 0+33.00 до км 0+830.00 I= 500 м).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2747/2
21 мај 2021 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Д-р Сашко Николов, с.р.

244.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ СЕЛО ЉУБОТЕН“
(ОД СТАЦ.КМ 0+330.00 ДО КМ 0+830.00 I=500 М)

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Изградба на локален пат село Љуботен"(од стац.км 0+330.00 до км 0+830.00 l=500 м) со сопствено учество во износ од 200.000,00 денари **со вклучен ДДВ**.

Во проектот од став 1 на овој член Општина Штип ќе учествува како партнер на Центарот за развој на Источен плански регион.

Член 2

Проектот „Изградба на локален пат село Љуботен" (од стац.км 0+330.00 до км 0+830.00 l=500 м) се аплицира до Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, преку Центарот за развој на Источен плански регион по Јавен повик за доставување на барања за реализација на Програма за капитални субвенции за развој на плански региони во обласга на земјоделието и руралниот развој за 2021 година.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-2747/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

245.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
КО-ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ГРАЃАНСКИ
ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАМКИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВИЦИ
ОРГАНИЗИРАНИ ПРЕКУ RELOAD2 ПРОЕКТОТ

I

Се објавува Одлука за ко-финансирање на проекти на граѓански организации во рамките на јавните повици организирани преку ReLOaD2 проектот.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-2748/2
21 мај 2021 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Д-р Сашко Николов, с.р.

246.

Врз основа на член 48 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАМКИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВИЦИ ОРГАНИЗИРАНИ ПРЕКУ RELOAD2 ПРОЕКТОТ

### Член 1

Општина Штип одобрува финансиски средства за ко-финансирање на проекти на граѓански организации во рамките на јавните повици организирани преку ReLOaD2 проектот.

### Член 2

Висината на средства кои Општина Штип ќе ги обезбеди за ко-финансирање, за целото времетраење на проектот ќе изнесува максимум 1.040.000,00 МКД.

### Член 3

За времетраењето на проектот ReLOaD2, во Општина Штип ќе се објават вкупно три јавни повици за ГОи.

Општината самостојно ќе објави, како дел од редовните активности, најмалку еден транспарентен јавен повик за ГОи, следејќи ги принципите на ЛОД методологијата.

Општината ќе го ко-финансира одобрениот проект односно проекти, со најмалку 25% од вкупниот износ на средства.

Член 4

Советот на Општина Штип се обврзува да ја усвои ЛОД методологијата за транспарентно финансирање на проекти на граѓански организации, најдоцна до крајот на 2021 година.

Член 5

Средствата за ко-финансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021, 2022, 2023 и 2024 година.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2748/1
19 мај 2021 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

247.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2749/2
21 мај 2021 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Д-р Сашко Николов, с.р.

248.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" број 193/16 и 72/18) и член 21 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2021 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/20 и 02/21), во точка 7 „Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата“, во точка 7.2 „Работи поврзани со уредување на градежно земјиште и реконструкција на улици“ во потточка 7.2.1. „Улици“ се додаваат пет нови алинеи кои гласат:

- Асфалтирање на дел од улица „5[та] Партиска конференција“
- Асфалтирање на пристапна улица помеѓу Бул. ЈНА и ул. „Партизанска“
- Асфалтирање на пристапни улици во индустриска зона Македонка
- Асфалтирање на дел од улица „Васил Доганџиски“
- Асфалтирање на улици во населба Баби („6-ти Април“, „Богомилска“, „11[ти] Конгрес“)

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува до донесување на Програма за 2022 година.

Број 08-2749/1
19 мај 2021година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

249.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ
СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2750/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

250.

Врз основа на член 99 став 1 алинеја 1 од Законот за градежно земјиште, („Службен весник на РМ“ број 15/2015, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ
СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Во Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2021 година, („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/20) во глава 2 „**Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата**“ **Градежни парцели што ќе бидат на располагање**, се дополнува со нова точка

51.




**ДУП: Измена и дополнување за дел од УЕ – 36**
**Одлука бр:08-1498/1 од 16.02.2016 година**

**ГП. 36.10**

**Површина на градежна парцела:3323 м2**

**Намена на градба: Д3-спорт и рекреација**

II

Почетната цена на градежната парцела од член 1 на оваа Програма ќе се утврдува во согласност со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за оттуѓување и давање под закуп како и за засновање на правото на стварна службеност, која е на сила на денот на донесувањето на Објавата за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Штип.

III

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2750/1
19 мај 2021 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

251.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА
НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2751/2
21 мај 2021 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Д-р Сашко Николов, с.р.

252.

Врз основа на член 40 од Законот  урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начинот на графичката обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ“ број 142/15), како и врз основа на член 21 точка 7 од  Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 година („Службен гласник на Општина Штип“ 02/21), во делот „Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори“ се врши дополнување со четири нови ставови кои гласат:

„Изработка на измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Автокоманда“, дел од УЕ 27, Општина Штип.

М=1:000

Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електарани на КП 547/1, КП 547/2, КП 547/3, КП 547/4 и КП 547/5 сите од КО Долани, Општина Штип.

М=1:000

Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична централа со моќност 5 KW на КП 304 и КП 306 од КО Долани, Општина Штип.

М=1:000

Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија за КП 218/3, КП 214/11 и КП 220/1 сите за КО Криви Дол, Општина Штип.

М=1:000

Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички за дел од КО Штип вон град, КО Три Чешми вон град, КО Ново Село и КО Сушево (Индустриска зона запад), Општина Штип.

М=1:000 “

II

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 година („Службен гласник на Општина Штип“ 02/21), во делот „Финансирање на програмата“, во ставот 1, броевите „1.1“ се заменуваат со зборовите „Програмски задачи финансирани од Буџетот на Општина Штип“, а во ставот 3 броевите „1.2“ се заменуваат со зборовите „Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори“.

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2751/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Штип Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

253.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ
НА СПОРТСКА САЛА СО БРУТО ПОВРШИНА ДО 1500 $М^2$
НА КП 4361/1 ЗА КО ШТИП 3-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за одобрување на Програма за поставување на спортска сала со бруто површина до 1500 $м^2$ на КП 4361/1 за КО Штип 3-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2752/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Штип Д-р Сашко Николов, с.р.

254.

Врз основа на член 73 став 1 алинеја 18, став 3 и 4 од Законот за градање („Службен весник на Република Македонија“ број 130/90, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број

244/19, 18/20 и 279/20) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ
НА СПОРТСКА САЛА СО БРУТО ПОВРШИНА ДО 1500 М$^2$
НА КП 4361/1 ЗА КО ШТИП 3-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се одобрува Програма за поставување на спортска сала со бруто површина до 1500 м$^2$ на КП 4361/1 за КО Штип 3-Општина Штип.

Член 2

Составен дел на овој Заклучок е Програмата за поставување на спортска сала со бруто површина до 1500 м$^2$ на КП 4361/1 за КО Штип 3-Општина Штип, со архивски број 09-2038/1 од 09.04.2021 година.

Член 3

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2752/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

255.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД „АВТОКОМАНДА“
ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 28-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за донесување на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од „Автокоманда“ дел од урбан блок 28-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2753/2 — Општина Штип
21 мај 2021 година — Градоначалник

Ш т и п — Д-р Сашко Николов, с.р.

256.

Врз основа на член 41 точка 5 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14)и член 93 од Законот за урбанистичко планирање„Службен весник на РСМ број 32/20), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД „АВТОКОМАНДА“ ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 28-ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Се донесува измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од „Автокоманда“ дел од урбан блок 28-Општина Штип, со плански период (2019-2024) површина на опфатот (3271м$^2$), изработен од ЈП „Стипион 2011“-Штип со технички број 21/2019 од февруари 2021 година.

### Член 2

Предлог-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение,
- Графички прилози според законските одредби,
- Одредби за реализација на урбанистичката документација,
- Стручна ревизија на урбанистичката документација,
- Одговор на стручната ревизија, и
- Согласност број 24-2196/2 од 13 април 2021 година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2753/1
19 мај 2021 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

257.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА СТВАР-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СЕЛО ЉУБОТЕН-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање под закуп недвижна ствар-деловен простор во село Љуботен-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2754/2
21 мај 2021 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Д-р Сашко Николов, с.р.

258.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НЕДВИЖНА СТВАР-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СЕЛО ЉУБОТЕН-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се дава под закуп недвижна ствар – деловен простор сопственост на Општина Штип со површина од 72 м$^2$ што се наоѓа во село Љуботен на КП број 1473 евидентиран во ИЛ број 1 за КО Љуботен.

Член 2

Давањето под закуп на деловниот простор од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на јавно наддавање согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.

Почетната цена за јавното наддавање изнесува **5.784,00 денари/месечно** односно 0,5% од проценатата вредност на објектот.

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за процена на пазарната вредност на недвижен имот број 17-2260/1 од 21.04.2021 година.

Деловниот простор од член 1 од оваа Одлука се издава под закуп за период од 5 (пет) години.

Член 3

Закупецот на деловниот простор од член 1 од оваа Одлука се обврзува закупнината за првата година да ја плати однапред пред потпишување на договорот, а за останатите години закупнината ќе ја плаќа најдоцна до 31 јануари за тековната година по претходно доставена фактура.

Закупнината од деловниот простор е приход на Општина Штип.

Член 4

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за закуп на деловниот простор ќе бидат утврдени од страна на Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари во сопственост на општина Штип и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 5

Доколку постапката за закуп во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

За спроведената постапка за закуп на деловниот простор, комисијата ќе достави извештај до Советот на Општина Штип.

Член 6

По извршениот избор на најповолен понудувач, градоначалникот на Општина Штип ќе склучи договор со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за закуп на деловниот простор.

Договорот за закуп подлежи на солемнизација пред нотар избран од закупецот на негова сметка.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2754/1
19 мај 2021 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

259.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2755/2
21 мај 2021 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Д-р Сашко Николов, с.р.

260.

Врз основа на член 114 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ

НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се пристапува кон измена и дополнување на Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2755/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

261.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуказа измена и дополнување на Статутот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2756/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

262.

Врз основа на член 113 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), во членовите 2, 8, 20, 38, 111 и 112 после зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

Член 2

Во членот 8 ставовите 2 и 3 се бришат.

Член 3

Во глава **3. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**, после точката 3 се додава нова точка 4 која гласи:

„ **4. Локален младински совет**

Член 44-а

Советот на општината формира локален младински совет кој има советодавна и застапувачка улога од делокругот на младински прашања и политики.

Член 44-б

Локалниот младински совет е составен од 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години со право на уште еден избор.

Советот на општината го верификува мандатот на членовите на локалниот младински совет по добиената одлука за избор на членови од страна на собранието на млади во општината во постапка во согласност со закон.

Член 44-в

Локалниот младински совет има право да:

- предлага точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,
- иницира прашања за млади од делокругот на работата на општината,
- иницира, учествува и дава повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- доставува информации до Советот на општината за прашања кои се однесуваат на младите и
- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со закон.

Член 44-г

Начинот на формирање на локалниот младински совет, неговото конституирање, делокругот на работа и изборот на членови на локалниот младински совет ќе се уреди со посебна одлука.

За финансирање на локалниот младински совет и прашањата кои се однесуваат на младите во општината, на годишно ниво се обезбедуваат средства од буџетот на општината во висина од 0,1% од основниот буџет.

Член 44-д

Градоначалникот на општината одредува службеник за млади, односно лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината.“

Член 4

Се овластува Комисијата за статут и прописи да изготви Пречистен текст на Статутот на Општина Штип.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2756/1 | Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година | Претседател

Ш т и п | Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

263.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на измена на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2757/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

264.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА
НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е измената на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2021 година број 09-2161/1 од 14 април 2021 година.

Член 3

Средствата за реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2757/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

265.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ
СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА
ДЕЦАТА ВО ГРУПИТЕ ВО ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност за зголемување на бројот на децата во групите во ОЈУДГ „Астибо“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2758/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

266.

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ
НА БРОЈОТ НА ДЕЦАТА ВО ГРУПИТЕ ВО
ОЈУДГ„АСТИБО“-ШТИП

Член 1

Се дава согласност за зголемување на бројот на децата во групите во Општинска јавна установа-Детска градинка „Астибо“-Штип од законски определениот број на деца во групи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2758/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Штип Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

267.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ОПОЖАРЕН ОБЈЕКТ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за опожарен објект.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2759/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Штип Д-р Сашко Николов, с.р.

268.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

ЗА ОПОЖАРЕН ОБЈЕКТ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Павлинка Димитрова, за настаната штета од елементарна непогода - пожар, во висина од 10.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2759/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

269.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ТЕНИСКИ КЛУБ „АСТИБО“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Тениски клуб „АСТИБО“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2760/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

270.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ТЕНИСКИ КЛУБ „АСТИБО“-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Тениски клуб „АСТИБО“-Штип, за котизација – годишна чланарина во висина од 15.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 на оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2760/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

271.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕ
ПИНГ-ПОНГАРСКИ КЛУБ „ШАМПИОН-ФА 2012“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Пинг-Понгарски клуб „ШАМПИОН-ФА 2012“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2761/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

272.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕ ПИНГ-ПОНГАРСКИ КЛУБ „ШАМПИОН-ФА 2012“-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Здружение Пинг-Понгарски клуб „ШАМПИОН-ФА 2012“-Штип, за програмски активности за 2021 година, во висина до 59.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 на оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2761/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

273.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ЗДРУЖЕНИЕ БОКСЕРСКИ КЛУБ „БАРГАЛА“ - ШТИП

I

Се објавува одлука за одобрување финансиски средства на Здружение Боксерски клуб „БАРГАЛА“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2762/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Ш т и п Д-р Сашко Николов, с.р.

274.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ЗДРУЖЕНИЕ БОКСЕРСКИ КЛУБ „БАРГАЛА“ - ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Здружение Боксерски клуб „БАРГАЛА“-Штип, за програмски активности за 2021 година, во висина до 30.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2762/1 Совет на Општина Штип
19 мај 2021 година Претседател

Штип Маријана Рогожарска Поповска, с.р.

275.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА БОКСЕРСКИ КЛУБ „ПИНК ПАНТЕР ТИМ“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Боксерски клуб „ПИНК ПАНТЕР ТИМ“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2763/2 Општина Штип
21 мај 2021 година Градоначалник

Штип Д-р Сашко Николов, с.р.

276.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09,

16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 19 мај 2021 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА БОКСЕРСКИ КЛУБ „ПИНК ПАНТЕР ТИМ“-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Боксерски клуб „ПИНК ПАНТЕР ТИМ“-Штип, за програмски активности за 2021 година, во висина до 30.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2763/1
19 мај 2021 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Маријана Рогожарска Поповска, с.р.